0202-946/6
26.04.2023

Врз основа на член 384 став 2 точка 3 од Законот за трговските друштва, Одборот на директори на ОКТА АД – Скопје до Собрание на акционери поднесува

**ИЗВЕШТАЈ**
**за работата на Одборот на директори на ОКТА во 2022**

I.
Одборот на директори согласно Законот за трговските друштва и Статутот на ОКТА АД – Скопје има најшироки овластувања во управувањето со Друштвото во рамките на предметот на работењето на Друштвото и во дејствувањето во сите околности во името на Друштвото.
Одборот на директори во текот на 2022 година одржа 8 состаноци, на кои донесе 10 одлуки и 9 заклучоци и утврди 5 предлог одлуки за Собранието. Одборот на директори исто така донесе 1 одлука по пат на кореспонденција, без одржување на состанок.

II.
На одржаните состаноци Одборот на директори ги разгледа и расправаше за сите значајни прашања во делот на своите овластувања.
Во текот на 2022 година на состаноците на Одборот на директори присуствуваа раководни лица по соодветна функција со цел да ги образложат извештаите и материјалите доставени на состаноците. По принципот на добро корпоративно управување се водени отворени дискусии по однос на материјалите за состаноците и за сите значајни прашања.
Сите членови на Одборот на директори активно учествуваа и соработуваа позитивно за остварувањата на Друштвото во 2022 година.
На 201-от состанок одржан на 06.02.2023 година, Одборот на директори го разгледа Бизнис планот на ОКТА за период од 2023 до 2027 година, при што е констатирано дека истиот е издржан, со јасно дефинирани цели на сите нивоа на раководење, со што се обезбедува интегрирање на сите напори во остварување на заедничките цели на Друштвото.

III.
Одборот на директори согласно член 415-в од Законот за трговските друштва го разгледа полугодишниот извештај на Службата за внатрешна ревизија на Друштвото.
Службата за внатрешна ревизија, како независна организациона единица, поднесе и Годишен извештај за својата работа за 2022 година на состанокот одржан на 28.02.2023 година.
Одборот на директори е на мислење дека Годишниот извештај на Службата за внатрешна ревизија е квалитетен, сеопфатен и објективен и дава сеопфатен приказ и резиме на извршените ревизии, кои по обем и динамика се во согласност со одобрениот Годишен план за работа за 2023 година. На состанокот одржан на 28.02.2023 година, Одборот на директори донесе Одлука за потврдување на Годишниот извештај на Службата за внатрешна ревизија.
Годишниот извештај на Службата за внатрешна ревизија за 2022 година е приклучена кон документите кои се доставуваат на увид на Собранието на акционери на ОКТА.

ОКТА
МЕМО

Одборот на директори согласно член 415-б од Законот за трговските друштва го разгледа Годишниот план на Службата за внатрешна ревизија на Друштвото за 2023 година и истиот го одобри.

IV.

Согласно член 480 став 2 од Законот за трговските друштва, Одборот одржа состанок на 28.02.2023 година на кој се разгледаа финансиските извештаи за годината која заврши на 31 декември 2022 со Извештаите за извршената ревизија и Мислењата доставени од страна на независните ревизори.

Ревизијата е извршена во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија и Законот за ревизија на Република Македонија.

Според Мислењето на независните ревизори, финансиските извештаи на ОКТА АД – Скопје за годината која заврши на 31 декември 2022 во сите материјални аспекти се подготвени во согласност со сметководствената регулатива на Република Македонија.

Исто така со Финансиските извештаи Одборот на директори ги разгледа и Годишната сметка на Друштвото за 2022 година, Годишниот извештај за работата на Друштвото за период јануари-декември 2022 со прилог Изјава за примена на Кодексот за Корпоративно Управување на котираните друштва на Македонската берза и поврзаниот Прашалник, како и предлог-одлуката за усвојување на годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи на Друштвото за годината која завршува на 31 декември 2022 година, предлог-одлуката за распределба на добивката остварена во 2022 година и му предлага на Собранието на акционери на ОКТА, на Годишното Генерално Собрание да донесе одлуки со кои ќе се одобрат и усвојат истите.

V.

Работењето на Одборот на директори во текот на 2022 година беше во рамките на надлежностите утврдени во Законот за трговските друштва и Статутот на ОКТА АД – Скопје.

26.04.2023 година

Во име на ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ
Дионисиос Роутсис
Претседател

Рафинерија на нафта
ОКТА
Скопје
1
Акционерско друштво